# З А П И С Н И К
**од Сто и третата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 14.11.2018 година**

**Скопје, ноември 2018 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто и третата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 14.11.2018 година**

Седницата започна во 13:25 часот.

На седницата претседаваа претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, како и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев.

На седницата присуствуваа заменичката на претседателот на Владата на Република Македонија и министерка за одбрана, м-р Радмила Шекеринска, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, членовите на Владата на Република Македонија д-р Рената Дескоска, министерка за правда, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Мила Царовска, министерка за труд и социјална политика, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, Асаф Адеми, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Аксел Ахмедовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска министерка без ресор, задолжен за странски инвестиции и д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на седницата присуствуваа и д-р Ширет Елези, заменичка на министерот за финансии, Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација и м-р Јани Макрадули, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање.

На седницата присуствуваа и Миле Бошњаковски и Муамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Македонија, Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, Ана Петровска, државна секретарка во Министерството за животна средина и просторно планирање и Марио Михајлов од Кабинетот на министерот без ресор, задолжен за дијаспора, Едмонд Адеми.

Од седницата отсуствуваше заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика.

*

*  *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:**

- Предлог за утврдување на намалување на аерозагадувањето како стратешки приоритет на Владата на Република Македонија и соодветно на тоа воведување на посебна владина програма за намалување на аерозагадувањето во Предлог-буџетот на Република Македонија за 2019 година

**1.** Предлог-буџет на Република Македонија за 2019 година

**2.** Предлог-закон за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2019 година, по скратена постапка

**3.** Прашања и предлози

*

*  *

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:**

- Предлог за утврдување на намалување на аерозагадувањето како стратешки приоритет на Владата на Република Македонија и соодветно на тоа воведување на посебна владина програма за намалување на аерозагадувањето во Предлог-буџетот на Република Македонија за 2019 година

Владата по Предлогот за утврдување на намалување на аерозагадувањето како стратешки приоритет на Владата на Република Македонија и соодветно на тоа воведување на посебна владина програма за намалување на аерозагадувањето во Предлог-буџетот на Република Македонија за 2019 година, со Предлог-план на акции и мерки против аерозагадувањето ги донесе следните заклучоци:

1. Го разгледа и го прифати Планот на акции и мерки против аерозагадувањето подготвен и доставен од страна на Работната група формирана од претседателот на Владата на Република Македонија со Одлука бр. 3700/1, од 30 октомври 2018 година.

2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија да ја измени Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република

Македонија за 2019 година и да го вклучи Планот за акции и мерки против аерозагадувањето како стратешки приоритет.

3. Се задолжува Министерството за финансии да обезбеди финансиски средства во Буџетот на Република Македонија за 2019 година во износ од 98 милиони денари за реализација на Планот на акции и мерки против аерозагадувањето.

4. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање, да изготви Програма за намалување на аерозагадувањето, по донесувањето на Буџетот за 2019 година.

5. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да ги координира активностите во врска со спроведувањето на Програмата за намалување на аерозагадувањето и до Владата да поднесе извештај за напредокот на имплементацијата на Програмата најдоцна до јули 2019 година

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата го разгледа Предлог-буџетот на Република Македонија за 2019 година и согласно предлозите изнесени во расправата на седницата, го утврди со следниве заклучоци:

1. Во делот на Владата да се отвори нова Програма за намалување на аерозагадувањето во износ од 98 милиони денари, додека средствата да се обезбедат од: Министерство за животна средина од програмата за мониторинг и заштита од аерозагадување 5 милиони денари и 5 милиони денари од програмата за Дојранско Езеро, 10 милиони денари од субвенции и трансфери во Министерство за финансии, 10 милиони денари од други тековни расходи во делот на Функции на државата, 7 милиони денари од социјални надоместоци во Министерство за труд и социјална политика, 5 милиони денари од Министерство за внатрешни работи и 6 милиони денари од информатички мрежи во Министерство за информатичко општество и администрација.

2. Средствата за државната помош во рамки на Владата на Република Македонија да се намалат за 130 милиони денари.

3. Средствата за финансиската поддршка на руралниот развој во рамки на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој да се намалат за 100 милиони денари.

4. Во рамките на Програмата за хидросистемот „Злетовица“ во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да се предвидат средства во износ од 200 милиони денари за комплетирање на постоечки и изградба на нови пречистителни станици и за истото да се дополни развојниот дел од буџетот.

5. Во делот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони да се предвидат 40 милиони денари за канцеларии за промотори - плати и материјални трошоци.

6. Во делот на Управата за извршување на санкциите да се предвидат 36 милиони денари за решавање на стопанските единици (економиите) во затворите.

7. Во делот на Владата да се обезбедат 36 милиони денари за кофинансирање на Општина Пробиштип за проект за водоснабдување финансиран со донација од Република Словенија.

8. Во делот на Министерство за здравство да се предвидат 30 милиони денари за изградба на поликлиника во Сарај и 36 милиони денари за реконструкција на Општа болница - Гостивар. Во оваа насока да се дополни и развојниот дел од буџетот, како и во текстуалниот дел за медицинска опрема со набавка на медицинска опрема за ЈЗУ Општа болница - Струмица и ЈЗУ Општа болница - Тетово.

9. Во делот на Министерството за култура - Дејности од областа на културата да се предвидат 25 милиони денари за Дом на култура - Матејче.

10. Во делот на Министерството за култура - Дејности од областа на културата да се предвидат дополнителни 50 милиони денари за Театар и библиотека во Тетово, додека средствата за Албански театар да се намалат за 100 милиони денари.

11. Во делот на Инспекторатот за шумарство и ловство, средствата за патни трошоци да се зголемат за 50 илјади денари, додека комуналиите за 500 илјади денари.

12. Во делот на Инспекторатот за животна средина масата на плати да се зголеми за 5 милиони денари.

13. Во рамките на Министерството за животна средина и просторно планирање, Програмата за депонии да се зголеми за 30 милиони денари

14. Дополнителни 20 милиони денари да се обезбедат за Агенцијата за филм.

15. Во рамките на Владата на Република Македонија да се обезбедат 150 милиони денари за лиценци за компјутери.

16. За Јавното обвинителство на Република Македонија да се предвидат 30 милиони денари за потенцијални тужби.

17. Во делот на Владата да се обезбедат 50 милиони денари за поддршка за печатење и дистрибуција на печатени медиуми.

18. Буџетот на Министерството за одбрана да се зголеми за вкупно 500 милиони денари, од кои 350 милиони денари на буџетската сметка и 150 милиони денари за донации, како и да се направи соодветна распределба на средствата.

19. Да се намалат капиталните расходи во Министерството за образование и наука за 100 милиони денари и буџетот на Министерство за труд и социјална политика да се намали за 100 милиони денари (од овие средства, 50 милиони денари за поддршка за печатење и дистрибуција на печатени медиум и 150 милиони денари за Министерството за одбрана).

20. Во делот на Владата да се обезбедат 6 милиони денари за иселеништво.

21. Во делот на Министерството за образование и наука да се отвори нова програма за Универзитетот за Југоисточна Европа и да се обезбедат дополнителни 6 милиони денари на постојно планираните средства за Универзитетот.

22. За Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да се предвидат дополнителни 13 милиони денари и истите да се обезбедат со прераспределба во рамките на Буџетот на Министерството за образование и наука.

23. Во делот на Министерството за образование и наука да се отвори нова програма за Агенција за квалитет на високото образование во износ од 8,8 милиони денари, а средствата да се пренаменат од програма 10, ставка 421.

24. Да се предвидат дополнителни 100 милиони денари во Буџетот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, со цел зголемување на платите за 5% на останатиот медицински персонал во јавните здравствени установи од јануари 2019 година (медицински сестри).

25. Средствата за рамномерниот регионален развој да се реалоцираат од Министерство за локална самоуправа во Биро за рамномерен регионален развој.

26. Во рамките на буџетот на Министерството за транспорт и врски да се прераспределат средства во износ од 20 милиони денари за фекална канализација во Арачиново.

27. Во рамките на средствата планирани за реконструкција на студентските домови да се планираат 30 милиони денари за нов студентски дом во Скопје.

28. Се прифаќа барањето за прераспределба на средства во рамките на одобрените средства на институциите во износ од 3,3 милиони денари за реконструкција на кровот на Државниот архив на Република Македонија.

29. Да се направат соодветни реалокации на средства во рамки на одобрените средства кај одделни буџетски корисници, согласно барањата.

30. Аналогно на сите претходни корекции да се извршат соодветни корекции во Функции на државата и во билансите на буџетот.

31. Соодветно да се направат измени во Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2019 година.

32. Пречистениот текст на Предлог-буџетот на Република Македонија за 2019 година да се достави до Собранието, согласно член 179 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Драган Тевдовски, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменичка на министерот за финансии, а за повереници Елена Трпковска, државна секретарка во Министерството за финансии и Маја Аргировска, раководителка на сектор во Министерството за финансии.

Истовремено, Владата заклучи од средствата, предвидени во Буџетот на Република Македонија за 2019 година за ЈП Македонска радио-телевизија, 120 милиони денари да се насочат за МРТ 2.

**Точка 2**

Владата го разгледа Предлог-законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2019 година, по скратена постапка, го утврди согласно расправата на седницата по Предлог-буџетот на Република Македонија за 2019 година и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието,

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Драган Тевдовски, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Елена Трпковска, државен секретар во Министерството за финансии и Маја Аргировска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

**Точка 3**

По оваа точка немаше прашања ниту предлози.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 22:20 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКАМАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**